НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 43/14, 153/15 и 6/16), член 36 став 3 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15 и 23/16) и точка 22 од Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/12, 42/14 и 42/16), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# Упатство за изменување на Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 89/18)

1. Во Упатството за спроведување на Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 164/12 и 61/14) во точката 5, ставот 1 се менува и гласи:

„Овластениот менувач, за секоја склучена трансакција, е должен да изготви образец МТ1 чијашто форма, содржина и начин на пополнување се дадени во прилог:

**Потврда за купување/продавање ефективни странски пари и чекови**

Образец МТ1

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Овластен менувач:<br>Овластена банка: | | Број на потврдата | Датум и време | Купувам | Продавам | |
| Вид на валутата | Износ на ефективни странски пари и чекови | | Курс | Износ во денари | | |
| Резидент/нерезидент | | Документ за идентификација: | | Овластено лице: | | |

".

Во став 2 алинејата 3, се менува и гласи:

„- во рубриката „датум и време" се запишуваат датумот на кој се врши трансакцијата и времето на вршење на трансакцијата во формат (ЧЧ:ММ);"

2. Ова упатство влегува во сила на денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 2018 година.

У. бр. 15-16664/1
10 мај 2018 година
Скопје

Гувернер
Димитар Богов